ROMA PRIDE



# ДОСТА!

## Надмини ги предрасудите, запознај ги Ромите!

# За достоинството на Ромите во Европа: “Roma Pride!”

“Roma Pride!” е кампања преку која по четврти пат се манифестира Еднаквост и Достоинство во Европа, заеднички организирано со ентузијазам, на ист ден во повеќе од 15 земји.
Оваа мобилизација е вкоренета во солидарноста со која милиони луѓе низ цела Европа се вклучени во локални или национални, индивидуални или колективни иницијативи против расизмот и дискриминацијата. Roma Pride е возможна поради неотуѓивата приврзаност на граѓаните кон човековите права и вредностите на демократијата низ целиот континент.
Roma Pride има за цел да им даде на младите надеж за иднината и да се бори за нивното право да имаат корист од добро образование, образование кое ќе им овозможи да го најдат својот пат, да го обликуваат сопствениот живот, без задушливи ограничувања наметнати од расизмот.
Roma Pride се обидува да им помогне на европските, националните и локалните власти да се вклучат и да промовираат активни, поттикнувачки и обврзувачки политики кои ќе водат кон крајот на расните и социјални дискриминации.
И конечно, Roma Pride планира да биде весела прослава на ромскиот идентитет и култура.

***Да ги запознаеме Ромите преку Roma Pride, да ја славиме ромската култура, традиција и историја со достоинство!***